РЕЦЕНЗИЈА

# Меѓу редот и хаосот

Tweet
Like 0 Share
30 јуни 2008 - 17:05

Кон ретроспективната изложба на Нове Франговски во Националната галерија "Мала станица" во Скопје



Ретроспективната изложба на Нове Франговски (1939) опфаќа дела од крајот на 50-тите години (сликата "Фамилија" од 1958 изработена во манир на "мек" конструктивизам) се до најновата серија слики, цртежи, графики и скулптури. Фактот дека Франговски во 1966 год. завршил Академија за ликовни уметности во Белград во значителен дел ќе ни ја објасни генезата на неговиот сликарски приод. Имено, во Белград покрај присуството на групата "Медиала" се појави бран на "нова фигурација" која ја измени југословенската ликовна ситуација и воспостави нов однос со уметноста на континуитетот и претходните нефигуративни тенденции. Се појави експресивната фигурација на Р.Рељиќ, макабричниот надреален свет на Б.Величковиќ, попартизмот на Д.Оташевиќ, Ж.Ѓак и други. Сликарството на Г.Чемерски критиката го вброи во поетско-фантастичната струја. Франговски се определил за сликарство на човечки (некогаш куклести) атрофирани фигури кои се поставени во замрзнатото движење (скок, крик и слично), за свои претстави на човечката отуѓеност и дехуманизација на човекот.

Фигурите моделирани релјефно во темен тоналитет се комбинирани со површини обоени во редуциран и сув колорит, што соодветствувало на суровата страшна сликарска визија (некаде тематски поврзана со војната итн.). Во дводимензионалниот простор на сликата се појавува мотивот на стрелки и други геометриски форми, како знак на дополнети современи значења.

Во периодот 1973-1975 година Франговски се свртува кон урбани теми нагласувајќи го значењето на кутијата (некаде како метафора на отуѓеноста) и рамната стилизирана фигурација и предметност кои во приодот откриваат афинитет за масмедиумската сликовна естетика (влијание на плакатот, потоа фотографијата). Човечката фигура поставена во разновидни просторни релации ја бои во сурови зелени или сино-сиви тонови поставени на темна позадина ("Кутијата се отвори", 1974), или на црвена или сина основа кои некаде покрај декоративно имаат уверливо емотивно-симболично значење (израз на став и нелагода во сликата "Немирен сон", 1970). Во најдобрите платна од овој период се елиминирани слабостите во цртежот и композицијата.

Јасниот концепт и поврзувањето на елементите на геометриската апстракција, асоцијативните мотиви и експресивната фигурација изразена во сликите, посебно во графиките (во акватинта) во кои суптилно го урамнотежува празниот простор со насликаните делови се најдобриот дел во творештвото на Франговски (во 1975 Б.Дамјановски ги слика своите џиновски "тегли", С.Шемов, Фидановски и др.). Со маслото "Варијации II" од 1976 год. Франговски ја отвора темата на масовност сугерирана со знаковни кругови - глави, празни или насликани во редуциран урбан простор на едноставни хоризонтални линии и површини. Знаковните форми речиси се доближуваат до апстрактна организација на рамните форми (тие се декоративни во однос на сликарскиот и графички знак на Д.Перчинков). Во 1983 год.



Франговски го почнува циклусот "Луѓе" со глави и ликови, (цртани шематично и тврдо) на кои се појавува замрзнат крик, страв или изгубеност. Во делата ќе се почувствува влијанието на фотореализмот (ликови како во негатив итн.) и можната аналогија со сликите на Р.Анастасов. Франговски станува дел од т.н. "урбани" тенденции, од најразличен вид во кои емотивното е заменето со порационален приод некаде со инсистирање на концептот. Серијалноста, мултипликацијата на облиците се елементи на еден модификуван поп-арт. Неутралниот однос кон мотивот, шкртоста во употребата на сликарскиот материјал, редукционизмот ќе останат трајни особености на неговиот сликарски став. Во втората половина на 80-тите години на серијата слики во акрилик "Минувачи" во кои ги варира статичното и анонимното со динамичната поставеност на индивидуализираните, но анонимни фигури. Во нив е нагласена студената објективизираност, без интерес да се анализира сликарската илузија на движење. Малата фигуративна пластика во боја директно не упатува на скулптурите на Карадаре.
Во 90-тите години (во атмосфера на војна) Франговски сс свртува кон апстракцијата со јасни историски референци (Кандински итн.) нагласувајќи го контролираниот но испразнет гест, некаде со ефекти на хаотичност.

Во почетокот на 2000 сликарот се враќа на објективизираниот човечки лик, кој е зголемен и поставен во однос со апстрактни и асоцијативни мотиви. Во нив се потврдува интересот за декоративност. Изложбата со построга селекција би добила во квалитет, а со посигурна теоретско-критичка обработка поцелосно и поообјективно би го согледале местото и значењето на Нове Франговски во македонското сликарство и пошироко.

***Владимир ВЕЛИЧКОВСКИ***